# Заштитете се себе си и вашите пациенти од грип



FLU AWARENESS

World Health Organization
REGIONAL OFFICE FOR Europe

# Доколку сте здравствен работник, изложени сте на поголем ризик од грип отколку општата популација

Постои студија во однос на инциденцата на грип кај здрави возрасни лица и здравствените работници која покажува дека кај здравствените работници, инциденцата е значително повисока.

Друга студија покажа дека за време на епидемии, 10-59% од здравствените работници кои се грижат за пациентите со грип се заразени со вирусот.

Оние кои работат во одделенијата за итни случаи се најмногу изложени на ризик. Од сите здравствени работници, медицинските сестри се најмногу изложени на вирусот.

## Доколку сте заразен со вирусот на грип, можно е да им го пренесите на Вашите пациенти

Истражувањата покажуваат дека здравствените работници може да пренесат грип кај пациенти кои се особено ранливи на компликации. Всушност, тоа е главен извор на инфекција за пациентите во здравствените установи. Грипот е особено неповолен за доенчиња, постари лица и лица со имуносупресивни и други хронични состојби. Кај некои пациенти може да се развијат опасни по живот компликации, а регистрирани се смртни случаи од грип во оддели за неонатална интензивна нега и педијатриската онкологија по пренос од здравствен работник.

## Здравствените работници се посветени лица, па затоа на работа доаѓаат и кога се болни, а тоа го зголемува ризикот од трансмисија

Истражување спроведено во САД, покажа дека 1 од 3 здравствени работници имале грип во текот на сезоната, а 3 од 4 од нив се грижеле за пациентите додека биле болни. Студија од Шкотска покажа дека половина од здравствените работници кои имале грип не знаеле дека се заразени. Доколку сте вакцинирани има помала веројатност да заразите ранливи пациенти.

## Кога здравствените работници се болни и не доаѓаат на работа, грижата за пациентите е намалена

Недостигот на вработени може да има негативен ефект врз грижата за пациентите. И покрај сите овие податоци, вакцинацијата меѓу здравствените работници е сѐ уште на ниско ниво.

**СЗО им препорачува на сите здравствени работници да се вакцинираат против сезонски грип секоја есен**